РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


04-6627/1

22.11.2021


Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје

Врз основа на член 30 став 1 алинеа 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/2014, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија бр.11/2015 и 35/2018), Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје објавува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2021**

за пополнување на работни места со унапредување на административни службеници, група I подгрупа 2

Се распишува интерен оглас за унапредување на административни службеници за следниве работни места:

1. КДР0102Б02048 Раководител на Сектор за сметководствени работи и планирање, Сектор за сметководствени работи и планирање, 1 извршител,

**Општи услови :**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- да е полнолетен
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здравствена способност за работното место

- со правосилна судска да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки,
- потврда за положен испит за административно управување,
- најмалку 5 (пет) години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор.

**Други посебни услови:**

- уверение за овластен сметководител,

**Општи работни компетенции:**

- учење и развој,
- комуникација,
- остварување резултати,
- работење со други/тимска работа,
- стратешка свест,
- ориентираност кон странките/засегнати страни,
- раководење и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

Работни денови понеделник-петок

Работни часови неделно 40

Работно време од 08:00 до 16:00

Паричен нето износ на плата: 34.223,00 денари

2. КДР0102ГО2046 Виш референт - одговорно лице за хигиена во група за одржување на хигиена, Одделение за одржување нс станични згради, Сектор за обезбедување и одржување на згради, 1 извршител,

**Општи услови :**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- да е полнолетен
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност

**Посебни услови:**
-ниво на стручни квалификации V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование,
- најмалку 2 (две) години работно искуство во струката.

**Општи работни компетенции:**
- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**
Работни денови понеделник-петок
Работни часови неделно 40
Работно време од 08:00 до 16:00
Паричен нето износ на плата: 21.512,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во ЈП железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, кој ги исполнува општите и посебни услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво според Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во претпријатието и останатите важечки законски и подзаконски акти како и:

- да е оценет со оцена „ А " или „ Б " при последното оценување на кое бил оценуван,

- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Кон пријавата кандидатите за унапредување можат да ги приложат и следниве докази во скенирана форма:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Рокот за поднесување на пријава изнесува 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на веб страницата на претпријатието www.mzi.mk и на веб страницата на Агенцијата за администрација.

Заинтересираните административни службеници потребно е да поднесат писмено пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата, преку Писарницата на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје до организационата единица за управување со човечки ресурси **(со назнака „интерен оглас за унапредување")**, како и на службената електронска адреса на организационата единица за управување со човечки ресурси hr.mzi@mzi.mk, најдоцна до рокот утврден во овој оглас.

Постапката за селекција за унапредување на кандидатите ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување формирана од Директорот на Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје.

Кандидатите ќе бидат известени за времето и местото на одржување на секоја фаза од постапката и тоа:

- фаза 1 - административна селекција се спроведува најдоцна 15 дена од денот на истекот на рокот за пријавување, и
- фаза 2 - спроведување на интервју во рок од 5 (пет) дена од завршувањето на административната селекција

Во пријавата кандидатите се должни под целосна морална, материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се верни на оригиналот.

**Напомена:** Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка.

Некомплетните и ненавремено доставени пријави нема да се земаат во предвид при разгледувањето.

ДИРЕКТОР

---------------------

д-р Хари Локвенец

Јавно Претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје

| ПРИЈАВА за унапредување на административен службеник | |
|---|---|
| ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСОТ | |
| Број на оглас за унапредување: | |
| Реден број на работно/и место/а во огласот за кое/и се пријавувате: | |
| ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ (податоци од лична карта) | |
| Име и презиме: | |
| КОНТАКТ ПОДАТОЦИ | |
| Телефон: | |
| е-пошта: | |
| ПОСЕБНИ УСЛОВИ | |
| Степен на образование: | ☐ основно, ☐ III, ☐ IV , ☐ VI , ☐ VII/1, ☐ VII/2 , ☐ VIII, ☐ 180 ЕКТС,<br><br>☐ 240 ЕКТС, *означете со X* |
| Вид на образование:<br><br>- образовна институција<br>- насока | |
| Работно искуство во струката: | ____ години, _____месеци |
| Податоци за тековното работно место:<br><br>- шифра и назив | |

| | |
|---|---|
| Работно искуство на тековното работно место: | ____години, ___ месеци |
| Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за вработување се веродостојни и дека на барање на установата ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар. | |
| Доколку во пријавата се пополнети податоците за e-mail или/и мобилен телефон се согласувам сите известувања во врска со огласот да ги добивам на доставената e-mail или преку SMS порака на мобилен телефон. | |
| *Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошната постапка. | |
| Датум на пријавување: | |
| Име и презиме/потпис на кандидатот: | |